-Обезбедување на активен однос на Советот на општина Гевгелија кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на заштита на културното наследство и другите спомен обележја на подрачјето на општина Гевгелија.

-Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Гевгелија.

-Зачувување на објекти и споменици кои сведочат за историското минато на просторите на општина Гевгелија.

### II. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа програма ќе биде реализирано од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година како и со одредени домашни и странски донации.

### III. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

| Ред бр. | ВИД НА ОБЈЕКТ | денари |
|---|---|---|
| | **I. Обновување на објекти кои се прогласени за споменици на културата** | 50 000,00 |
| 1. | Реставрација на фасада на „Кангов конак“ во Гевгелија | |
| 2. | Реставрација на фасада на „Андреев конак“ во Гевгелија | |
| 3. | Реставрација на фасада на хотел „Отоман“ (кафе „Центар“) | |
| 4. | Реставрација на фасада на „Вила Тина“ во Гевгелија | |
| 5. | Реконструкција на ул. „Бранд Петрушев“(стара чаршија) во Гевгелија | |
| 6. | Изработка на биста на народниот херој Јосиф Јосифовски - Свештарот | 30 000,00 |

| Ред. бр. | II. Изградба на објекти од областа на културата –спомен обележја на подрачјето на општина Гевгелија | |
|---|---|---|
| 1. | Одржување и заштита на спомен обележјата | 20 000,00 |
| | **ВКУПНО:** | 100 000,00 |

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

**Други форми на активности со кои ќе се помагаат одржувањето и заштита на културните споменици и други објекти се следните:**

-Обезбедување на стручна, техничка и друга подршка со кадри и опрема со која располага општината,

-Обезбедување на изложби и презентации на проекти од областа на образовни, културни и други објекти.

-Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на општина Гевгелија.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма поднесуваат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија“, а ќе се применува до крајот на годината.

бр.09-1940/1
25.12.2020 год..
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

Врз основа на член 3 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ" бр.45/97,23/9945/06 и 16/04 г.) и член 38 став (1) точка 15 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 25.12.2020 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во општина Гевгелија за 2021 година

### I.ВОВЕД

Интегрираното спречување и сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми и штетници е збир на механички, физички, биолошки и хемиски мерки и постапки. Тоа се превентивни и куративни мерки кои се преземаат со цел, сузбивање или намалување на популацијата најмалку до прагот на штетност, запирање на растот и размножувањето, уништување на постоечката популација на штетници до биолошкиот минимум, односно влегување и задржување на штетниците на површината во просторот или објектот. Тоа се однесува на организми кои ги пренесуваат причинителите на заразни болести, паразитираат на човечкото тело, причинители се на алергиски реакции, делуваат токсично и предизвикуваат болести.

### II. ЦЕЛИ

Заради заштита на населението во општина Гевгелија од преносители на заразни болести и штетници, потребно е преземање соодветни мерки и во текот на 2021 година. Со планираните активности според оваа програма, ќе се зачува животната средина и здравјето на луѓето и подобри севкупниот амбиент во градот и населените места во општина Гевгелија.

### III.АКТИВНОСТИ

Во 2021 година, за спречување на појави од заразни болести предизвикани од микроорганизми, инсекти и штетници, општина Гевгелија ќе ги преземе следните активности:

| | Мерки и активности | Место и локација | Планирани Средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 1.Основни училишта, детски градинки, јавни општински установи и др. објекти.<br>2.Дезинсекција против комарци на целата територија што ја опфаќа општина Гевгелија. | 1.000.000,оо |
| | | | Вкупно денари :<br>1.000.000,оо |

**IV.ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021година.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1941/1
25.12.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14 и 13/20 год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 25.12.2020 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка во 2021 година

### 1. Развојни приоритети

Општина Гевгелија во 2021 година ќе настојува да обезбеди поволни стратешки услови за локалниот економски развој. За таа цел активностите ќе бидат насочени кон создавање услови за поттикнување на локалниот економски развој, за поддршка на проектите и активностите, кои придонесуваат за унапредување на економски развој, регионалниот и руралниот развој, во интерес на домашните инвеститори, како и за привлекување на странски инвеститори.

Истовремено, залагањата ќе бидат насочени кон унапредување на регионалната и прекуграничната соработка преку реализација на веќе одобрените проекти, проектите во процес на оценување на апликацијата и аплицирање за нови проекти.

### 2. Цел

Основна цел на Програмата за ЛЕР е реализација на зацртаните развојни приоритети на општина Гевгелија, согласно постојните стратешки документи, како и проектираните програми за развој на општината.

### 3. Поддршка на локалниот економски развој

Активностите на Општина Гевгелија во областа на ЛЕР и прекуграничната соработка ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. За таа цел, треба да финишираат активностите околу изработката на Стратегија за развој на Општина Гевгелија 2021-2025 година, кои поради пандемијата во текот на 2020 година беа забавени. Особено, ако се има предвид дека сите подготвителни активности околу реализацијата на овој значаен проект веќе се направени.

За поттикнување на локалниот економски развој од посебно значење е обезбедувањето на урбанистички услови и градежни парцели за реализација на инвестиционите проекти на заинтересираните домашни и странски инвеститори. Притоа, посебен акцент ќе се стави на обезбедувањето на комуналната инфраструктура во ТИРЗ „Прдејци" имајќи ја во предвид веќе најавената заинтересираност на странските инвеститори. За таа цел, се направени сите подготвителни активности и изработени проекти за комунално-инфраструктурно уредување на зоната, пред се, изградба на водоводна линија до зоната.

Тргнувајќи од наметнатата влошена состојба поради пандемијата од Ковид 19, посебно внимание ќе се посвети на ублажување на економските последици. Особено, ако се има предвид дека гевгелиското стопанство, поради својата структура и зависност од прекуграничниот промет, трпи големи штети. Затоа и активностите ќе бидат насочени кон продолжување со општинските мерки, но и иницирање на активности пред Владата на Република Северна Македонија за проширување и конкретизирање на мерките за ублажување на последиците.

Општина Гевгелија, во рамките на Југоисточниот плански регион, но и преку други европски и меѓународни инвестициони програми (ИПА-ППС, ИПАРД, УНДП, УСАИД, Швајцарска развојна агенција) веќе има аплицирано на повеќе јавни повици. Дел од овие апликации се одобрени и се во фаза на реализација, а дел од нив ја поминаа прелиминарната фаза од одобрувањето.

#### 3.1 Проектни активности во рамките на ЈИПР и други програми

| Р. Бр. | Проект/Активност | Сопствено учество | Вкупен износ |
|---|---|---|---|
| 1. | Поддршка на Центарот за регионален развој на Југоисточен плански регион | **230.000 ден.** | **230.000 ден.** |
| 2 | Набавка на противпожарно возило и опрема за општините Гевгелија, Богданци и Дојран | **0 ден** | **12.196.555 ден.** |
| 3 | „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти" | **54.050 ден.** | **594.500 ден.** |
| 4 | Дезинсекција – ларвицидно прскање за заштита од возрасни комарци | **1.565.208 ден.** | **7.592.636 ден.** |
| 5 | Доизградба на локален пат до с.Ума – Одвојување од регионален пат Р112, Гевгелија – Смрдлива Вода | **1.767.545 ден.** | **8 092 339 ден.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Изработка на урбанистички планови за селата с. Милетково, с.Моин и с.Давидово | **213.779 ден.** | **10.577.200 den** |
| | **Вкупно** | **3.830.582 ден.** | **39.273.230 ден.** |

**3.2 Проектни активности за прекугранична и регионална соработка, одобрени и поднесени апликации до домашни и меѓународни инвестициони програми**

| Р. бр. | Проект/Активност | Сопствено учество | Вкупен износ |
|---|---|---|---|
| 1. | **Прекугранична соработка ИПА-ППС со Грција** | | |
| 1.1. | „Одржливо управување на прекугранични водни ресурси" (516.500.00 € ) | **0 ден.** | **22 131 102 ден.** |
| 2. | **Домашни инвестициони програми** | | |
| 2.1. | Изработка на техничка документација за гасификација на Гевгелија | **260.000 ден.** | **1 667 886 ден.** |
| 2.2. | Изградба на фекална канализациона мрежа во Милетково со препумпна станица | **4.109.418 ден.** | **15.638.049 ден.** |
| 2.3. | Изградба на улична фекална канализација во Смоквица | **0. ден.** | **33.470.773 ден.** |
| 3. | **Преку Министерство за труд и социјална политика** | | |
| 3.1. | Доградба на детска градинка „Сончогледи" | **0. ден.** | **27.776.000 ден.** |
| 3.2. | Замена на кров на детска градинка „Цветови" | **0. ден.** | **4.564.815 ден.** |
| 3.3. | До подобра социјална заштита во Гевгелија | **0. ден.** | **1.787.800 ден.** |
| | **Вкупно:** | **4.369.418 ден.** | **107.036.425 ден.** |

**3.3 Туристички развој и туристичко претставување на општина Гевгелија**

Активностите ќе бидат насочени кон создавање на неопходни предуслови за збогатување на туристичката понуда и нејзина промоција. Посебно внимание ќе се посвети на можностите за унапредување на руралниот туризам.

Ваквите цели за поголема искористеност на туристичките погодности ќе се остваруваат преку надлежните општински одделенија, а посебно внимание ќе се посвети на зголемената активност за промоција на општина Гевгелија.

| Р.бр. | **Активност** | Износ/ден. |
|---|---|---|
| 1. | **Пропагандно-туристички материјал за презентација на општина Гевгелија** | **500.000 ден.** |
| | - Пропаганден материјал | |
| | - Брошури, флаери | |
| | - Информативни табли | |
| 2 | Учество на саеми | **300 000 ден.** |
| | Вкупно: | **800 000 ден.** |

**4. Финансирање**

Предвидените активности од сите проекти, ќе бидат финансирани во зависност од програмите за аплицирање и утврдените критериуми од страна на донаторот, односно дали од страна на апликантот треба да биде обезбедено учество.

Вкупната вредност на проектите од табелата под точка **3.1 - Проектни активности во рамките на ЈИПР и други програми** е во износ од **3.830.582 денари.**

Вкупната вредност на активностите од табелата под точка **3.2- Проектни активности за прекугранична и регионална соработка, и останати проекти од различни Програми** се во износ од **4.369.418 денари.**

Вкупната вредност на активностите од табелата под точка **3.3 - Туристички развој и туристичко претставување на општина Гевгелија** се во износ од **800.000 денари.**

Вкупниот износ за реализација на Програмата изнесува **9.000.000 денари**.

**5.** Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1942/1
25.12.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија (Службен гласник на Општина Гевгелија, бр.25/06, 08/10, 18/14 И 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 25.12.2020 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**За активностите на Општина Гевгелија, во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија за 2021 година**

Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – (ФЛОРИТ) Гевгелија е основана како иницијатива на локалната самоуправа, бизнис секторот и невладиниот сектор од општина Гевгелија во 2001 година, под името Фондација -„Центар за локален развој – Гевгелија." Од 21.01.2005 го носи денешното име.

Во изминатите 19 години од нејзиното постоење Фондацијата е етаблирана не само на територијата на општината, туку и на територијата на цела држава, а исто така и во прекуграничниот регион каде што воглавно ги реализира своите активности.

Според Статутот на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии - Гевгелија, (членот 2) Фондацијата е основана како непрофитна и невладина организација, во која е забрането дејствување од политички, верски или други позиции со кои се нарушуваат човековите права, или се загрозуваат општествените и демократските интереси на општината и државата.

Фондацијата се занимава со промовирање политики за одржлив развој на локално и регионално ниво со посебен осврт на воведување иновации и практики за континуирано учење во повеќе области, како во областа на животната средина, претприемништво, енергетика, како и во руралниот развој, одржлив туризам и културно наследство.

**Визија:**

ФЛОРИТ – Гевгелија е афирмирана организација на локално, национално и меѓународно ниво и посакуван партнер за соработка во областа на одржливиот локален и регионален развој, која ги промовира и развива традиционалните вредности преку современ пристап и придонесува во јакнеењето на капацитетите на локална самоуправа.

**Мисија:**

Мисија на ФЛОРИТ – Гевгелија е да го помага локалниот развој преку иницирање, подготовка и реализирање на развојни проекти на територијата на општина Гевгелија и регионот во синергија и партнерство со сите општествени групи и поединци.

**Цели:**

Основна цел на Фондацијата е да учествува и да го помага локалниот развој и зацврстувањето на демократијата преку:

- Обезбедување на знаење и примена на иницијативите кои обезбедуваат одржлив развој;
- Формирање на прекугранични мрежи за поврзување во синергија со слични или исти организации во регионот и државата;
- Изработка, развој и спроведување на прекугранични развојни проекти;
- Изработка на стратегиски документи од локален и регионален карактер, според пристапот „оддолу нагоре";
- Изработка на развојни проекти врз аналитички основи кои обезбедуваат објективност и усогласување на податоците според светски норми и стандарди;
- Соработка и развој со граѓанскиот сектор и поттикнување на основањето на нови граѓански организации;
- Унапредување на вештините на локалната работна сила;
- Поддршка на развојот на туризмот преку имплементација на проекти произлезени од стратешки документи;
- Поддршка на руралниот развој во општина Гевгелија, во Југоисточниот плански регион и на територијата на Република Македонија;
- Поддршка на културните активности во општина Гевгелија, во Југоисточниот плански регион и во Република Македонија.

**Целни групи:**

- Локални власти,
- Регионални власти,
- Граѓански сектор,
- Млади,
- Институции во функција на поддршка на бизнис активности (стопански комори, кластери, земјоделски задруги),
- Институции и јавни комунални претпријатија кои се формирани од страна на локални власти и други институции во надлежност на локалните власти,

**Активности:**

- Идентификација, подготовка и управување со проекти;
- Собирање, анализирање и презентирање на податоците од општината;
- Планирање и подготовка на стратешки документи на општината;
- Промовирање и застапување на општина Гевгелија;
- Истражување во делот на достапни извори на финансирање од странски донатори;
- Поттикнување на меѓуопштинска и регионална соработка;
- Воспоставување на прекугранични мрежи за поврзување со слични организации во регионот и пошироко;
- Подготовка, развој и имплементација на проекти за прекугранична развој;
- Подобрување на вештините на локалната работна сила;
- Подобрување и развој на граѓанскиот сектор;
- Обезбедување на друга помош на локалните власти во насока на поддршка на развојот.

Главен фокус на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии ќе биде реализација на тековните активности од 2020 година, како и соработката со општина Гевгелија и локалните институции и организации при имплементација на програмски активности во согласност со нивните планови за развој. Во 2021 година, активностите се проектирани на следните нивоа:

1. Активности на Фондацијата кои самостојно ги реализира и произлегуваат од започнати проекти од претходниот период,

2. Активности на Фондацијата во соработка со општина Гевгелија и останати институции на локално ниво.

3. Активности со ЛАГ Бојмија

**Активност 1.1**

Во 2021 година ФЛОРИТ-Гевгелија обележува значаен јубилеј, односно 20 години од нејзиното формирање. Овој јубилеј ќе биде обележан со издавање на брошура во која ќе бидат опфатени најзначајните активности и проекти на кои се работело во изминатиот период, а со бројки и фотографии ќе бидат доловени најзначајните остварувања на фондацијата од нејзиното основање до денес.

Основањето на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии (ФЛОРИТ) – Гевгелија, на некој начин претставува прв прекуграничен проект реализиран во државата, со оглед на тоа што се користеа искуствата и практиките од Развојната агенција од Кукуш, - „АНКИ". Доколку околностите дозволуваат, во план е одржување на настан каде ќе присуствуваат видни личности од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, лица кои со своето делување оставиле значаен белег во работата на фондацијата.

**Активност 1.2**

Во 2020 година започна процесот на изработка на **Стратегија за одржлив развој на општина Гевгелија, за периодот 2021 – 2025 година.** Предложениот работен план и методологија за работа беа прифатени, но поради пандемијата и неможноста да се одржат предвидените работилница процесот беше одложен на неодредено време. Според усвоениот план, процесот на изработка на стратегијата го организира општината, а го координира Фондацијата и истиот претставува инклузивен и интерактивен процес, односно вклучува што повеќе засегнати страни.

По дефиниција Стратешкото планирање во рамките на Единиците на локалните самоуправи претставува умствена визија поврзана со утврдена методологија за да може на општинските служби и граѓаните да им ги претстави можностите и изборите за иднината на нивната заедница. Планирањето е дисциплиниран и креативен процес за детерминирање на тоа како општината од нивото каде е денес да се доведе до позиција до која во иднина сака да биде. Конечно, процесот на стратешкото планирање е механизам за претворање на вредностите на граѓаните во политички одлуки преку локалните совети и изработка на акциски програми. Им помага и на оние кои донесуваат одлуки во подготовка на планови и проекти за инвестициски вложувања во инфраструктурата, политики на управување и економски поттикнувачи за давање на потребни јавни услуги за овозможување на економски развој. Стратешкото планирање ги подобрува и условите да се привлечат нови бизниси, кои треба да отворат нови работни места, а со тоа и да доведе до поголем економски развој.

И покрај одложувањето на целиот процес, изработката на овој стратешки развоен документ мора да биде врвен приоритет на општината. Економската криза која несомнено надоаѓа

поради пандемијата, може да биде подобро управувана доколку има усогласени развојни приоритети, разработени кризни планови и јасна визија за тоа во каква општина сакаме да живееме. Локалниот развој е комплексен и повеќедимензионален процес и има преплетување на економските, демографските, просторните, социјалните, културни и други аспекти на развојот. Од таа причина, успешното спроведување на политиката за локален развој е директно зависна од поширокото разбирање на концептот, ефикасното поврзување на политиката на регионалниот развој со секторските политики на локално ниво и обезбедувањето на потребната поддршка од страна на релевантните институции на национално, регионално и локално ниво.

За потребите на стратегијата, ФЛОРИТ - Гевгелија во 2020 во најголем дел ги направи секторските анализи, но одредени податоци секако ќе треба да бидат дополнети, со оглед на тоа што податоците за БДП за 2017 и 2018 година беа објавени во Октомври 2020. Во стратегијата ќе бидат земени во предвид и резултатите од завршната евалвација на Стратегијата за регионален развој 2009-2019 и на програмите за развој на планските региони изработена од Европскиот центар за мир и развој (ЕЦМР), Универзитет за мир основан од Обединетите Нации од мај, 2020 година. Исто така обезбедена е целосна координација и согласност со новата Стратегија за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија 2020 – 2030, која се изработи во периодот јуни - октомври, а сега е во фаза на усвојување.

**Активност 1.3**

**Проект „Избери здраво – купувај локално"**

Во рамки на проектот„**Избери здраво – купувај локално"** изработена е платформа https://kupuvajlokalno.mk/ на која се достапни земјоделски производи од гевгелискиот регион, а потрошувачите можат директно да ги контактираат производителите и да се договорат за местото на продажба на производите.

Во 2021 година предвидена е продолжување на администрирање на платформата, со нејзино надградување. Доколку има интерес, ќе се бара начин за одржување на дополнителни обуки за производителите, мапирање на производителите, дигитализација на услугите и слично.

За потсетување, општа цел на проектот е овозможување на услови за зголемување на приходите на малите фармери и привлекување на нови фармери преку воведување на иновации во земјоделството и руралниот развој. Целни групи се производители на храна од гевгелискиот регион, како и потрошувачи кои имаат интерес да купуваат храна од локален производител, на кои квалитетот и начинот на одгледување им е приоритет. Локалните системи за храна и кратките синџири за снабдување со храна овозможуваат намалување на бројот на посредници помеѓу производителот и потрошувачот. Земјоделското производство се одвива во непосредна близина на потрошувачот. Овој начин на снабдување обично вклучува локални производители кои работат заедно за да ги промовираат локалните пазари на храна. Овој вид на партнерство придонесува за развој на руралната економија, создава нови начини на продажба на локални производи, а исто така привлекува многу информирани потрошувачи кои бараат здрава и автентична храна.

**Активност 1.4**

IDEAS (eng. **I**nnovation, **D**evelopment and **E**mployment in the **A**grifood **S**ector)

Во Мај 2020 аплициравме со овој проект по распишаниот втор повик за поднесување проекти од Програмата за прекугранична соработка со Грција 2014-2020. ФЛОРИТ-Гевгелија е водечки партнер, а "American farm school" од Солун и Мрежата за рурален развој се партнери во проектот. Проектот е аплициран во приоритетна оска 1: Развој и поддршка на локалната економија; Специфична цел 1.1: Создавање можности за вработување на дипломирани студенти со искористување на предности на прекуграничната област, по можност со употреба на иновативни алатки и практики.

Главна цел на проектот е идентификување и поддршка и на нови деловни активности во земјоделско - прехранбениот сектор кои имаат иновативен потенцијал и кои можат да станат мултипликатори на компаративните предностите на регионот.

Индикативно, се вклучени следните сектори со висок потенцијал:

• Производство на свежо овошје и зеленчук

• Производство на вино

• Органско производство

• Преработка на храна

• Агро - туризам

Идентификувана е потреба од следната експертиза:

• Правила за здравјето и безбедноста на храната (на ниво на ЕУ)

• Паметно земјоделство

• Е - трговија

Проектот ги има следните специфични цели:

• Истражување на можностите за кариерен напредок што земјоделско-прехранбениот сектор им ги нуди на новите млади претприемачи;

• Идентификување на иновативните деловни идеи на млади професионалци во земјоделско - прехранбениот сектор кои можат да функционираат како мултипликатори на компаративните предностите на регионот;

• Обука на високо квалификувани професионалци во специфичните области;

• Поддршка на млади претприемачи за надминување на бариерите за започнување деловни активности;

• Обезбедување деловна обука за критична маса на високо квалификувани професионалци во секторот

• 10 нови деловни активности (вработувања) во секторот

Административната проверка на проектот успешно помина, очекуваме на почетокот на наредната година да заврши и квалитативната проверка и во очекување сме на негово одобрување.

**Активност 2.1**

Продолжува имплементација на проектот „Одржливо управување на прекуграничните водни ресурси" со акроним AQUA-M II, каде што ФЛОРИТ-Гевгелија ги координира активностите на еден од проектните партнери во проектот, односно на Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец" Гевгелија. Во претходниот период беа реализирани поголем дел од предвидените активности, како изработка на комуникацискиот план за правилна комуникација и дисеминација на проектот, материјалите за визибилитет на проектот, подготовка на тендерските досиеја за набавка на опрема, а за наредната година остануваат да се реализираат обуки поврзани со управувањето со водите, законските рамки за утврдување на квалитетот на вода наменета за администрацијата, како и обука за добри практики, управување и избегнување на загадување наменета за локалното население.

**Активност 2.2**

Во тек е и имплементација на проектот „Заеднички активности за заштита и подобрување на здравјето на луѓето во прекуграничната област" (IpA SHIELD II ) каде што ФЛОРИТ-Гевгелија дава техничка и стручна помош на два партнери, односно на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Гевгелија и Здравен дом Валандово.

Кај првиот партнер, досега е подготвена техничка документација за сите тендерски процедури и тоа:

- Изградба на нова хирушка сала и адаптација на простор за дијабетис центар"
- Набавка на апарат за ултразвук - „Доплер"
- Набавка на опрема: „Набавка на Оперативна табла, хируршко светло, инструменти и апарат за анестезија",
- Набавка на опрема: „Набавка на Галванска струја, интерферентни струи, диадинамичен (DD CURRENT), терепевтски ултразвук и инфрацрвена светилка",
- Набавка на опрема: „Набавка на опрема за лапароскопска хирургија".

ФЛОРИТ – Гевгелија, во рамки на истиот проект дава техничка и стручна помош на ЈЗУ Здравствен дом Валандово.

Од досегашните спроведени активности е реализирана набавка на опрема за реконструкција на котелска постројка, а во тек се активности предвидени за набавка на специјализирано возило како и опрема за потребите за Здравен дом – Валандово.

За 2021 година од планираните активности остануваат за реализација прекуграничните настани, од типот на средби, инфоденови и конференции кои поради пандемијата се одложени на неодредено време.

**Активност 3.1**

ФЛОРИТ-Гевгелија ги координира и управува сите активности поврзани со ЛАГ Бојмија. Како иницијатори и основачи, ги превземаме сите обврски, околу администрацијата, управувањето и

имплементацијата на активностите. Во моментот, при крај е имплементацијата на проектот „Интегрирана информативна и туристичка понуда од територијата на ЛАГ Бојмија", за кој што проект потпишавме договор за финансиска поддршка со Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и рурален развој.

Главни активности на проектот се поставување на информативни табли на најфреквентните места од четирите општини кои ја формираат територијата на ЛАГ Бојмија. Информативните табли ќе го истакнат партнерството помеѓу овие општини на микрорегионално ниво, а ќе ги промовираат и европските вредности прифатени со имплементацијата на ЛЕАДЕР пристапот. Воедно се изработува и андроид апликација, (www.bojmija.mk) со оглед на тоа што новите текови го наметнуваат овој начин на туристичка промоција како најдобар, најефикасен и најлесно пристапен до корисниците.

**Активност 3.2**

Во програмата за 2020 година, имавме предвидено активност (означена со број 3.3) каде што ФЛОРИТ-Гевгелија заедно со ЛАГ Бојмија ќе изработи проектен концепт и тоа: *„Анализа на воспоставување на Центри за иновација во земјоделството –* ***Инкубатори за храна*** *" (eng. Agriculture innovation cente – „Food incubator") како нов бизнис модел.* Оваа проектната идеја/концепт е дел од Стратегијата за развој на рурална средина – Бојмија, Стратешка цел 1: Зголемување на конкурентноста на економијата за регионот; Приоритет 1.2 Развој на земјоделството; Мерка/Проект 1.2.1.Воведување на нови технологии и практики.

Измината година целосно го развивме концептот со помош на Мрежата за рурален развој. Беа одржани низа состаноци и интервјуирани десетици потенцијални корисници кои беа заинтересирани за услугите на овие инкубатори за храна, односно како се сега наречени „Центар за храна" (eng. "food hub"). Концептот се развиваше паралелно на локално и на национално ниво.

На 09.06.2020 е донесен „Правилникот за отстапување од посебните мерки за хигиена за малите бизниси, начин и барања кои треба да се исполнат при директно снабдување со храна од страна на производител до краен потрошувач". (Службен весник бр. 152 од 09.06.2020). Овој правилник беше неопходен за да се започне и со утврдување на правната форма на хаб-от согласно постоечките законски прописи.

Заедно со претставниците од Мрежата за рурален развој ја претставивме идејата односно концептот пред Шведската меѓународна агенција за развој кои прифатија финансиски да учествуваат во изградбата на првиот "food hub" во Македонија. Во периодот од Август – Октомври се бараше локација и објект каде би бил поставен центарот за храна. За жал, до Ноември 2020 во Гевгелија не се изнајде општински простор кој што би бил преуреден и адаптиран за поставување и опремување на хаб-от, што беше предуслов за негово формирање. За информација, во моментот се гради првиот хаб во Пехчево.

За 2021 планираме формирање на "food hub" во микро регионот, со оглед на тоа што од страна на донаторите имаме информација дека за наредната година ќе подржат формирање на уште 2 вакви хаба во државата. Со оглед на нашиот целокупен придонес во целиот процес, имаме ветување дека едниот од хаб-овите ќе биде поставен во нашиот регион. Секако, доколку се изнајде простор.

**Активност 3.3**

**Изработка на самоодржлив модел за развој на општината**, односно заедницата. Целта на оваа предлог активност е да се мобилизираат локални ресурси за решавање на приоритетите за развој што се во интерес на заедницата. За овој концепт/модел, изработена е проектна документација каде што ЛАГ Бојмија е еден од седумте субјекти кои здружено аплицираа на отворен повик од УСАИД.

Резултат од активноста би бил зголемен ангажман на локалните засегнати страни во идентификување и давање приоритет на прашања од интерес на заедницата (како на пример загадување, јавно здравје, недостаток на можности за работа, миграција, обезбедување социјални услуги, локален економски развој) како и подобрена мобилизација на локалните човечки ресурси за дизајнирање и имплементација на локални решенија за решавање на прашања во заедницата поради искористување на можностите за развој.

За таа цел потребно е вмрежување и поттикнување на локални иницијативи, осмислени од група граѓани или поединци, мобилизирајќи знаење да се овозможи креирање врски помеѓу локалните и националните засегнати страни. Сето тоа почитувајќи ги принципите за одржлив развој, односно внимателно користење на земјиштето и локалните ресурси.

Промената која што сакаме да ја постигнеме со овие локално водени концепти/модели за самоодржлив развој е локалните засегнати страни бидат повеќе ангажирани во идентификување и приоритизарање на реалните потреби на заедницата и да се потпираат на сопствени ресурси за преземање на социо-економски и еколошки инвестиции со зголемена посветеност од (локалниот) јавен и приватен сектор.

Програмата за развој на заедниците нема да промовира политичко покровителство, односно ќе се стреми за создаде клима да се избегне влијанието на политичките претставници да носат самостојни одлуки засновани врз приватни или партиски интереси.

**Активност 3.4**

Изработка на модел акционен план при вонредни состојби во синџирот на храна

Целта на овој план е да ги претстави процедурите и протоколите за одговор при вонредна состојба во синџирот со храната, со што брзо ќе се ублажат влијанијата врз сложените системи на храна во државата.

Планот треба да обезбеди:

- ефективна и координирана комуникација помеѓу државните и локалните институции, властите и јавноста;
- брзо закрепнување по кризна ситуација со храна и идентификување на обемот на вклученост на државата во обновувањето;
- да ги дефинира должностите, улогите и одговорности на оние кои се вклучени во одговорот, односно во решавањето на проблемите

Предвидените активности во акциониот план треба да бидат насочени кон:

- Поддршка на производителите;

- Обезбедување на непречен проток на трговија и целосно искористување на домашните и меѓународните пазари за да се обезбеди храна и да се задоволи побарувачката на храна;

- Обезбедување непречено логистичко работење на регионалните синџири за снабдување со земјоделски производи и храна;

- Следење на цените на храната и зајакнување на надзорот на пазарот;

- Ублажување на социјалните нарушувања преку зголемување на локалното производство на храна.

Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии и во 2021 година ќе ја продолжи започнатата соработка со граѓанскиот сектор. Соработката продолжува и со Југоисточниот плански регион, со оглед на тоа што сме и нивни претставници во мониторинг комитетот за спроведување на програмите од прекуграничната соработка помеѓу Грција и Македонија. Фондацијата има превземено обврски и активна соработка со партнерските мрежи во кои што учествува, тука пред се, се мисли на Мрежата за рурален развој и на Здруженијата на граѓани кои работат на полето на животна средина и одржлив развој.

Повеќе информации за активностите на ФЛОРИТ-Гевгелија можат да се добијат на следниве веб страни, кои ги администрираме:

https://florit-gevgelija.eu/

https://kupuvajlokalno.mk/

http://meka.mk/

http://energain.eu/

https://bojmija.mk/

http://bojmija.lag.mk/

## II. Финансирање на работата на Фондацијата за локален развој и развој на информатичка технологија

Во прилог е потребниот буџет за реализација на активностите, кој што претставува и учество на Фондацијата при изработка и имплементација на проекти.

| ***Буџет на Фондација за локален развој и развој на ИТ Гевгелија*** | **2021** | | |
|---|---|---|---|
| **Трошоци (во денари)** | **Вкупно месеци** | **По месец** | **Вкупно** |
| **1. Човечки ресурси** | | | |
| **1.1 Плати и надоместоци** | | | |
| 1.1.1. Администрација – Фондација | 12 | 130 500 | 1 566 000 |
| **1.2 Надградување на човечките ресурси** | | | |
| 1.2.1 Учество на инфо денови / конференции | 12 | 1000 | 12 000 |
| 1.2.2 Тренинг/ обуки | 12 | 1500 | 18 000 |
| ***Вкупно човечки ресурси*** | | | **1 596 000** |
| | | | |
| **2. Патувања** | | | |
| **2.1 Меѓународни патувања** | | | |
| 2.1.1. Студиски патувања ( конференции и семинари ) | 12 | 1000 | 12 000 |
| 2.1.2. Патни трошоци | 12 | 2000 | 24 000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Вкупно за патувања* | | | **36 000** |
| | | | |
| **3.Локални трошоци за канцеларија** | | | |
| **3.1. Трошоци за канцеларија** | | | |
| 3.1.1. Изнајмување на простор | | | |
| 3.1.2 Електрична енергија | | | |
| 3.1.3. Греење | | | |
| 3.1.4. Вода и ѓубрарина | 12 | 1500 | 18 000 |
| 3.1.5. Пошта, телефон и интернет | 12 | 2000 | 24 000 |
| 3.1.6. Поправка и одржување на ИТ опрема | 12 | 1000 | 12 000 |
| 3.2. Потрошен материјал | | | |
| 3.2.1. Канцелариски набавки ( хигиенски средства ) | 12 | 1500 | 18 000 |
| 3.2.2. Канцелариски материјал | 12 | 1000 | 12 000 |
| 3.2.3 Одржување и чистење на просториите | 12 | 2000 | 24 000 |
| *Вкупно трошоци за канцеларија* | | | **108 000** |
| | | | |
| **4. Други трошоци , услуги** | | | |
| 4.1. Публикации ( web страна, одржување и хостинг) | 12 | 2000 | 24 000 |
| 4.2. Финансиски трансакции, данок | 12 | 2000 | 24 000 |
| 4.3. Сметководствени услуги | 12 | 6500 | 78 000 |
| 4.4. Евалуациони трошоци (проект МЕКА) | 1 | 34000 | 34 000 |
| 4.5. Трошоци за пререгистрација и нотарски услуги | | | |
| 4.6. Непредвидени трошоци | | | |
| | | | |
| *Вкупно други трошоци* | | | **160 000** |
| | | | |
| | | | |
| **Вкупно трошоци** | | | **1 900 000** |

Бр.09-1943/1
25.12.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 25.12.2020 година, донесе

# ПРОГРАМА
## За комуникација и транспарентност во општина Гевгелија во 2021 година

## ВОВЕД

Комуницирањето со јавноста претставува суштински елемент во функционирањето и управувањето на секоја отворена и отчетна локална власт. Постојаната двонасочна комуникација со: граѓаните, бизнис заедницата, медиумите, невладините организации и другите засегнати јавности е присутна во секојдневното работење на општина Гевгелија.

Ваквата цел ќе се остварува преку навремено, секојдневно и отворено информирање на граѓаните за работата на Општината и нивно активно учество во процесот на креирање политики и нивно спроведување. Но, и преку целосна транспарентност на Општината и отвореност кон граѓаните.

Процесот на демократизација одамна ја наметна основната потреба од редовно и навремено информирање на граѓаните и на сите идентификувани групи од интерес на општината, за работата на Градоначалникот и Советот на Општина Гевгелија, како и за Општинската администрација и сервисот на услуги кои ги нуди. Добрата и навремена информираност на граѓаните за работата на Општината и нејзините услуги ќе придонесат кон зајакнување на комуникацијата помеѓу Општината и граѓаните, но и преку поголемо учество од страна на граѓаните во донесувањето на одлуките од страна на надлежните Општински органи.

Во таа насока, граѓаните на општина Гевгелија ќе бидат консултирани за сите поголеми проекти преку: анкети, јавни трибини и собири. Покрај тоа, за поголемо учество на граѓаните во креирањето на политиката на локалната власт, ќе се користи формирањето на Локални совети за економски развој, за култура, за спорт, за млади, во кои ќе членуваат претставници од овие области. Основна задача на овие совети ќе биде учеството во креирањето на приоритетите, насоките за развој и распределбата на ресурсите. Посебно, кога станува збор за стратешките документи, како што се Буџетот на Општина Гевгелија, развојните програми и стратегиите за развој.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНИКАЦИЈА

**Општа цел:**

Да се одржува редовната и навремена комуникација со јавноста, да се обезбеди целосна транспарентност и да се зајакнат капацитетите во Општината за извршување на Годишниот план за комуникација и транспарентност.

Континуирано работење врз подобрувањето на потенцијалите на човечките ресурси и техничките капацитети на Општината кои се неопходни за остварување на комуникацијата со јавностите.

**Специфични цели:**

- Зголемено ниво на информирање на сите целни групи и нивно подобро запознавање со работата и резултатите од работата на Општината;
- Подобрување на квалитетот на општинските комуникациски капацитети;
- Доследна примена на Прирачникот за квалитет на услугите како предуслов за примена на ISO 9001:2008 и 9001:2015 стандардите;
- Поголема вклученост на граѓаните во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки;
- Подобрување на системот на внатрешна комуникација и информираност на вработените;
- Проширување на капацитетот и техничко опремување на сите Месни и Урбани заедници заради обезбедување на поголема комуникација со Општината.

## ПРИНЦИПИ НА КОМУНИКАЦИЈА

Во процесот на спроведување на Програмата за комуникација и транспарентност, Општина Гевгелија ќе се придржува кон следниве принципи на комуникација:

-Комуникацијата ќе биде составен дел од сите активности на општината;

-Процесот на комуникација ќе биде јасен и разбирлив;

-Комуникацијата ќе биде навремена, отворена и чесна;

-Работењето на Општината – органите на локалната самоуправа и на Општинската администрација ќе биде целосно транспарентно;

- Информациите ќе бидат достапни до сите;

- Комуникацијата ќе биде двонасочна меѓу Општината и сите целни групи.

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

**- Граѓаните на општина Гевгелија**

Општината редовно ќе ги информира граѓаните за своите активности со цел да ја зголемува транспарентноста за својата работа, но и да ги поттикне граѓаните за поголема вклученост во нејзината работа во сегментите каде тоа се очекува од нив;

**- Урбани и месни заедници**

Зајакнување на капацитетот на месните и урбаните заедници, техничко опремување и воведување на електронски систем на услуги;

**- Медиуми** (локални и национални)

Општината ќе се залага за активна транспарентност преку медиумите со тоа што постојано ќе пласира информации од секојдневните активности и случувања во општина Гевгелија, со цел граѓаните од општината и од Република Северна Македонија да имаат редовен прилив на информации;

**- Бизнис заедница**

Општината ќе одржува постојан контакт и ќе ја информира бизнис-заедницата за своите активности и програми со цел да иницира активна поддршка, партиципација и јавно-приватно партнерство за унапредување на локалниот економски развој;

**- Потенцијални инвеститори**

Општината редовно ќе ги информира потенцијалните инвеститори за своите активности, проекти и можности за вложување со цел да привлече капитал за реализицијата на проекти и да придонесе за локален економсмки развој;

**- НВО сектор**

Општината ќе ги информира Невладините огранизации за своите активности и програми со цел да иницира активна поддршка, партиципација и заеднички проекти од интерес за развојот на општината;

**- Општинска администрација**

Општината ќе ги унапредува формите на внатрешна комуникација меѓу вработените, преку новиот софтвер за управување со работното време и мерење на ефекти во работата;

**-Збратимени градови**

Општината ќе одржува постојана комуникација со градовите со кои има потпишано повелба за збратимување, со цел запознавање на јавноста на тие градови со можностите за инвестирање во општина Гевгелија, како и заедничко

учество во европските проекти за прекуграничната соработка и други меѓународни програми.

**- Донатори**

Општината редовно ќе ги информира меѓународните организации и донатори за своите активности, реализирани проекти и потреби со цел да стимулира поддршка за следни активности и потреби;

**- Маргинализирани групи**

Општината преку различни форми ќе одржува комуникација со ранливите категории граѓани, како што се децата со посебни потреби, социјално загрозените лица и други социјални групи за подобрување на нивниот статус, услови за живеење и остварување на основните човекови права.

**- Земјоделци**

Иако, единиците на локалната самоуправа немаат директна надлежност во земјоделието, Општина Гевгелија ќе наоѓа начини за одржување комуникација и стимулирарање на земјоделското прозиводство.

**- Млади**

Младите, како носители на идниот развој на општината, ќе бидат вклучени во работата на Општината преку разни форми и програми за афирмација на нивното творештво, а истовремено преку редовна комуникација со Агенцијата за вработување ќе се поддржуваат и афирмираат програмите и проектите за вработување на младите;

**- Туристички организации**

Туризмот како еден од правците за развој на Општина Гевгелија налага потреба за редовна комуникација со туристичките субјекти за збогатување на туристичката понуди на локално ниво, воспоставување поголема комуникација со општинската туристичка организација и мапирање на општина Гевгелија на европската туристичка карта.

## АЛАТКИ И НАЧИНИ НА КОМУНИКАЦИЈА

Општина Гевгелија ќе ги користи следните алатки и начини за комуникација:

**- Е- пошта**

Преку официјалните е-маил адреси на Општината на граѓаните им е овозможена редовна комуникација со Општинските органи и администрација и дадена можност со свои предлози и сугестии да учествуваат во донесувањето на одлуки во Општината.

**- Месечен весник**

„Гевгелиски Магазин", излегува еднаш во месецот и информира за активностите на Општината и актуелните настани и теми во општина Гевгелија.

**- Е-билтен**

Се подготвува и издава секојдневно, а известува за активностите на и во локалната самоуправа.

**- WEB страница**

Редовно се ажурира, со можност за интерактивна комуникација со граѓаните по проблемски прашања, но и за испитување на јавното мислење.

**- Прес конференции**

Се организираат по потреба, кога Градоначалникот, претседателот на Советот на Општината, лицето одговорно за комуникација со јавноста на

Општината или раководителите на секторот/одделенијата имаат да соопштат одредена информација до јавноста или по повод одржувањето на традиционалните манифестации.

**- Изјави за медиумите**

Една од најчесто користените алатки за комуникација со граѓаните преку медиумите. Изјавите се даваат кога Општината има активности од различни области и по барање на медиумите кога обработуваат теми за локалната самоуправа.

**- Соопштенија за јавноста**

Известувања до граѓаните преку кои се пренесуваат кратки писмени информации со различна содржина, од делокругот на работењето на општината.

**- Интервјуа**

Периодично гостување на градоначалникот на општината на локалните и националните медиуми заради информирање на граѓаните со значајни прашања и теми од работењето на локалната самоуправа.

**- Брифинзи за новинарите**

Се организираат редовни средби со новинарите за запознавање со реализацијата на одделни капитални проекти и активности.

**Огласи**

На локалните и националните медиуми се емитуваат огласи поврзани со јавните набавки, лицитации на земјиште и други активности на Општината врз основа на тендерски постапки или договори за соработка.

**- ТВ пренос од седниците на Советот на Општината и јавните презентации на Систем 48**

Седниците на Советот на Општината, како и јавните презентации на Систем 48, директно или одложно се емитуваат преку електронските медиуми;

**- Публикации**

Се изработуваат по одредени тематски содржини кои помагаат во профилирањето и промовирањето на општината во пошироката јавност;

**- Флаери/брошури**

Се изработуваат по потреба, тематски, за промовирање на Општината за туристички, културни, стопански и други цели. Исто така, се изработуваат за потребите на медиумски кампањи сврзани со одредени акции (за поефикасна наплата на општинските даноци, за Системот 48, за легализација на дивоградбите, за евиденција на дивоградби и сл.)

**- Анкети**

Се организираат двапати годишно заради мерење на квалитетот на услугите и задоволството на граѓаните од нив.

**- Настани/Средби**

Се организираат за комуникација со специфични целни групи (бизнис-заедница, невладини организации, невработени, деца со посебни потреби, социјални групи, млади).

**- Огласна табла**

На огласната табла се објавуваат огласи и соопштенија наменети за граѓаните, како и за вработените во Општинската администрација.

## КРИЗНА КОМУНИКАЦИЈА

Кога редовната комуникација е оневозможена од какви и да е причини и се создаваат вонредни услови, настапува комуникација во услови на криза.

Ваквата настаната состојба ја проценува Градоначалникот, кој во услови на кризна ситуација ја координира комуникацијата со јавноста.

Комуникацијата во кризна состојба се спроведува согласно законски донесените акти за дејствување во настанатата состојба.

## РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на Програмата ќе се користат сите расположливи ресурси во Општина Гевгелија.

Заради редовно информирање и унапредување на комуникацијата, потребно е да се алоцираат и дополнителни ресурси чиј приказ е даден во продолжение:

| | Активност |
|---|---|
| 1 | Пренос на седници на Советот, ТВ емисии и реклами |
| 2 | Набавка на дневни и неделни весници, електронски изданија |
| 3 | Печатење на „Гевгелиски магазин", печатење и издавање на публикации |
| 4 | Реиздавање на монографијата „Гевгелија 130 години град" |
| 5 | Воведување на електронско следење на состојбата со даночните обврски на граѓаните кон општината |
| 6 | Техничко опремување на месните и урбаните заедници во населените места |
| 7 | Изработка на Стратегија за информатичка технологија и воведување на Интернет софтвер за внатрешна комуникација |
| 8 | Огласи, објави, закуп на печатен и електронски простор |
| 9 | Медиумска промоција на општината |

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе ја спроведува Општинската администрација во координација со надлежните раководители на одделенија и државни службеници, а под раководство на Градоначалникот на општината.

## МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И АЖУРИРАЊЕ

Остварувањето на Програмата ќе се следи секојдневно, како што се спроведуваат планираните активности.

Оценувањето на спроведувањето ќе се прави редовно, најмалку еднаш месечно.

Ќе се спроведува квалитативно и квантитативно мерење на резултатите, според индикаторите од планот за спроведување на активностите.

По потреба, Програмата ќе се ажурира, а во насока на подобрување на нејзиното остварување.

Бр.09-1944/1
25.12.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02 год.), член 11 алинеа 7 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/19, 146/19 и 275/19 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија бр.25/06, 8/10, 18/14 и 13/20год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 25.12.2020 година донесе:

## ПРОГРАМА
### За активностите во областа на социјална заштита во Општина Гевгелија за 2021 година

### I. ВОВЕД

Согласно Законот за социјалната заштита, надлежноста на Општините од областа на социјалната заштита се реализира со Годишна програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита. Во Програмата Општината предвидува активности и финансиски средства за реализација на истите. Активностите се во насока на преземање мерки за надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните во локалната заедница, зголемување на достапноста на услугите и нивно креирање согласно со потребите на најзагрозените граѓани со цел:

- одржување на социјалната сигурност на граѓаните;
- спречување на социјалната исклученост;
- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и
- зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Програмата за социјална заштита овозможува финансиска поддршка на ранливи категории граѓани кои имаат потреба од помош за да се надмине состојбата која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот или семејството.

### II. ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на Програмата е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

Со Програмата се предвидува активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита да бидат насочни кон остварување на следните приоритетни цели:

1. Остварување на социјална заштита на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции, жртви на семејно насилство и трговија со луѓе;

2. Помош за новородено дете, лица изложени на социјален ризик, семејства погодени од елементарни непогоди;

3. Подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните и унапредување на социјалната заштита.

**ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 1**

**Остварување на социјална заштита на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции, жртви на семејно насилство и трговија со луѓе.**

**АКТИВНОСТИ**

- Едукативни работилници за лицата кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции;
- Едукативни работилници за информирање на младите и детектирање на облиците на семејно насилство;
- Едукативни работилници за информирање на младите и детектирање на облиците на трговија со луѓе.

Овие активности ќе бидат реализирани во соработка со Невладиниот сектор од општината.

**ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 2**

**Помош за новородено дете, лица изложени на социјален ризик, семејства погодени од елементарни непогоди**

**АКТИВНОСТИ**

**1. Еднократна парична помош на новородено дете**

Општина Гевгелија ќе доделува еднократна парична помош за новородени деца, чии родители се со постојано живеалиште во Општина Гевгелија и, тоа, во износ од 6.000,00 денари за новородено дете, 12.000,00 денари за третородено дете и секое наредно новородено дете.

Барателот е потребно со барањето за доделување на еднократна парична помош да достави:

- лична карта на родителите,
- извод од матична книга народените (за новороденчето, за трето дете-извод за сите три деца)
- број на трансакциска сметка.

На овој начин освен што се помагаат семејствата со принови и се поттикнува наталитетот, Општината ќе може да добие и евиденција за новородени деца во општината на годишно ниво, со што ќе се утврди и дали постои тренд на пораст или опаѓање на бројот на новородени деца во општината.

**2. Еднократна парична помош за физички лица**

Општина Гевгелија ќе обезбеди финансиска помош на лицата корисници на права од областа на социјалната заштита.

Во оваа категорија ќе бидат земени предвид и лицата кои се во загрозена состојба поради: болест, болнички третмани и хируршки зафати, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица неспособни за работа и лица со посебни потреби.

Составен дел на барањето за еднократна парична помош е медицинска документација со која барателот располага/записник од увид за претрпена штета/потврда од надлежна институција за социјалната положба.

**3. Субвенционирање на престојот на деца во ЈОУДГ „Детска радост"- Гевгелија**

Оваа активност се однесува на деца кои потекнуваат од социјално- загрозени домаќинства. Средствата ќе се исплаќаат врз основа на податоци кои месечно ќе ги доставува ЈОУДГ „Детска радост"- Гевгелија.

**4. Доделување на новогодишни пакетчиња на деца кои потекнуваат од социјално- загрозени домаќинства**

За децата – жители на Општина Гевгелија кои потекнуваат од социјално- загрозени домаќинства, Општината секоја година доделува новогодишни пакетчиња.

Пакетчињата ќе се доделуваат претходно доставен список од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа- Гевгелија, а кој ги опфаќа децата на возраст до 14 години, кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.

**5. Доделување на огревно дрво на социјално- загрозени домаќинства**

Оваа активност се однесува на социјално- загрозени домаќинствана подрачјето на општина Гевгелија. Дрвата за огрев ќе се доделат по претходно доставен список од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа- Гевгелија.

**6. Доделување на „Велигденски пакет" на лица кои се корисници на право на социјална парична помош**

Лицата кои се корисници на правото на социјална парична помош на подрачјето на општина Гевгелија, по претходно доставен список од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа- Гевгелија, по повод велигденските празници, ќе добијат пакет.

**7. Субвенционирање на потрошувачката на вода за пиење**

Оваа активност се однесува на лица кои се корисници на гарантирана минимална помош и социјална пензија на подрачјето на општина Гевгелија.

Корисникот го остварува надоместокот по основ на субвенција на дел од месечната сметка за комунални услуги-испорака на вода за пиење, издадена од давателот на услуга- ЈПКД „Комуналец"- Гевгелија, доколку:

- остварува право на гарантирана минимална помош и социјална пензија, согласно Законот за социјалната заштита,
- редовно ги плаќа сметките за потрошената вода,
- потрошувачката на вода не надминува повеќе од 20 м3 месечно.

**ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 3**

**Унапредување на социјалната заштита и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните**

**1. Обезбедување превоз на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби Гевгелија**

Обезбедување превоз опфаќа бесплатен превоз на штитениците на Дневниот центар за лица со посебни потреби од нивните домови до центарот и обратно. Право на користење на превозот имаат и нивните придружници.

Превозот се организира по претходно спроведување на постапка согласно Законот за јавни набавки, а врз основа на податоци добиени од Центарот.

**2. Одбележување на новогодишните празници и Меѓународниот ден на лица со посебни потреби**

Со цел одбележување на новогодишните празници и Меѓународниот ден на лица со посебни потреби, Градоначалникот на општината ги посетува Центрите за лица со посебни потреби: Дневниот центар за лица со посебни потреби Гевгелија и Центарот „Мајка Тереза"- Гевгелија.

На двете институции ќе им се доделат новогодишни пакети, школски прибор, дидактички материјал или техничка стока, во зависност од нивните потреби.

**3. Изградба на пристапни рампи за инвалидизирани лица во јавните општински установи**

Оваа активност ќе се реализира согласно Законот за градење и Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена.

**4. Доделување на стипендии на ученици**

Доделувањето на стипендии ќе се врши врз основа на барање кое заедно со потврда за упис во училиште и потврда за месечните приходи на родителите (кои не смеат да бидат повисоки од просечната плата) овие лица ќе го достават до Општината.

**5. Имплементација на проекти на Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување**

Општина Гевгелија спроведува проект во рамки на програмата „Општинско-корисна работа 2020/21" која има за цел да овозможи социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено скратено работно време, заради стекнување на одредени вештини и постепено вклучување на пазар на труд. Програмата, исто така, има за цел преку обезбедување на услуги од социјални сфера да помогне на лица кои живеат на територијата на локалната самоуправа.

**III. БУЏЕТ**

Активностите предвидени со оваа програма ќе се реализираат со средства предвидени во Буџетот на Општина Гевгелија 2021 година, а во вкупен износ од **3.500.000,00** денари и донации.

**IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на Општина Гевгелија.

Бр.09-1945/1
25.12.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

Врз основа на член 14 став (2) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 32/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 257/20) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14 и 13/10 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 25.12.2020 донесе:

# П Р О Г Р А М А
## за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2021 година во Општина Гевгелија

### I. Вовед

Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести, според кој заштитата на населението од заразни болести претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразни болести кои се од посебно значење за Република Северна Македонија.

За заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки.

Епидемиолошкиот надзор го организираат и спроведуваат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје- Регионален центар во Велес- Подрачна единица во Гевгелија.

Општите мерки за заштита од заразни болести се планираат и програмираат од страна на Општината, на предлог на Центрите за јавно здравје,согласно – Елаборат за Општина Гевгелија изготвен од ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес – ПЕ Гевгелија.

Овие мерки вклучуваат:

1. Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;
2. Отстранување на отпадните води и цврстите отпадни материи на начин кој спречува загадување на човековата околина;
3. Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти: (училишни и предучилишни установи, објекти за храна, објекти за водоснабдување, други јавни установи и други јавни места);
4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
5. Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Општите мерки ги организира Единицата на локална самоуправа и се спроведуваат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон за секоја дејност одделно.

Посебни (специфични) мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1. Откривање на заразни болести- поставување дијагноза;
2. Лабораториско испитување за утврдување на причинителот на заболувањето;
3. Пријавување на заразни болести;
4. Епидемиолошки испитувања;
5. Превоз, изолација и лечење на болни од заразна болест;
6. Карантин и здравствен надзор;

7. Здравствени прегледи на одредени категории на вработени, како и на лица и бацилоносители одредени со закон;
8. Имунизација и хемиопрофилакса;
9. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација по епидемиолошки индикации.

Специфичните мерки за заштита од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани.

Во услови на епидемии и катастрофи од поширок размер се спроведуваат и вонредни мерки за заштита од заразни болести. Вонредните мерки ги предлага Комисијата за заштита од заразни болести.

Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита.

**II. Активности**

Со Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се утврдуваат: активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и други заболувања на територијата на Општина Гевгелија.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Гевгелија, во соработка со ЈЗУ Центар за јавно здравје- ПЕ Гевгелија и изготвен Елаборат со акционен план за спроведување на превентивни мерки како посебни мерки, на подрачјето на општините: Гевгелија, Дојран и Богданци за 2021 година, кој ќе се изготви од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје- РЦ-Велес, ПЕ Гевгелија. За заштита на населението од заразни болести во Општина Гевгелија, во 2021 година, ќе се спроведат следниве општи мерки:

1. Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата од водоснабдителните системи на населенито со вода за пиење;
2. Обезбедување на хигиенско-технички услови во училишните и предучилишните установи;
3. Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштита на човековата околина од загадување;
4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиенско-технички мерки во населени места и други јавни површини;
5. Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението;
6. Организирање на шинтерска служба за уловување и стационар за сместување на животни скитници на територијата на Општина Гевгелија.

1.1. Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата од водоснабдителните системи во населените места во општината

Општина Гевгелија и во 2021 година ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

Согласно Одлука на Советот на Општина Гевгелија, водоснабдителниот систем во Општина Гевгелија е предаден на користење и оддржување на ЈПКД „Комуналец“ во Гевгелија кое го врши организираното водоснабдување на најголем дел од населението во општина Гевгелија.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење од системот за вода за пиење и информирање на корисниците за квалитетот на водата го врши ЈЗУ Центар за јавно здравје- Гевгелија.

Редовниот мониторинг се спроведува еднаш месечно и тоа директно од системите за водоснабдување во сите населени места во општината.

Периодичните анализи се вршат двапати годишно во ЈЗУ Институт за јавно здравје- Скопје.

2.1. Обезбедување на хигиенско-технички услови во училишните и предучилишни установи.

Децата и учениците се највулнерабилна категорија на население. За заштита на нивниот интегритет, а особено од заразна жолтица и други цревни заболувања, се вршат и редовните контроли на училишните и предучилишните установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и Центарот за јавно здравје- ПР Гевгелија.

Врз основа на теренските увиди, Основните општински училишта: „Владо Кантарџиев“ и „Крсте Мисирков“ во Гевгелија, „Ристо Шуклев“ во Негорци и „Климент Охридски“ во Миравци со подрачните училишта, СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија и ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија добиваат извештај за најдената состојба, со предлог- мерки за подобрување доколку е потребно.

3.1. Правилно и навремено отстранување на цврст отпад и отпадни води

Според Одлуката за комунален ред на Општина Гевгелија, организираното отстранување на цврст отпад и отпадни води го врши Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“-Гевгелија.

Контролни мерки:

- Изготвување на флаери и плакати за правилна дистрибуција и селекција на цврстиот отпад.

Флаерите да се дистрибуираат со сметките за вода и отстранување на отпадот, а плакатите да се поставаат на регуларни места и на контејнерите за отпад.

4.1. Спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) во населени места и други јавни површини со примена на метода на ларвицидна дезинсекција, согласно изготвениот акционен план со динамика на извршување.

Законот за заштита на населението од заразни болести налага превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во здравствени, училишни, предучилишни и социјални установи, зелени пазари, канализации, депонии и друго.

За таа цел, Советот на Општина Гевгелија, согласно законските прописи, а и преку стручните мислења, донесува посебни Програми за спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територијата на Општина Гевгелија.

Спроведувањето на ДДД во установите и другите јавни објекти ќе се врши врз основа на побарувања или склучени договори помеѓу ЈЗУ ЦЈЗ Гевгелија или други правни лица што ги исполнуваат условите пропишани со закон и прописите донесени врз основа на него и корисниците на овие услуги.

5.1.Аерозапрашување на територијата на Општина Гевгелија ќе се врши во рамките на Југоисточниот плански регион.

6.1.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението, Општината во соработка и со Центарот за јавно здравје ќе го планираат и организираат спроведувањето на промоција на здравјето и превенцијата од заразни болести.

Во зависност од случувањата ќе се спроведуваат и типизирани предавања на учениците од основното образование за заштита од заразни болести.

### III. Финансирање

Активностите утврдени со оваа Програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година, во висина од 500.000,00 денари,преку Програма R1 Заштита на животна средина и природа.

### IV. Известување

Известувањето и информирањето на граѓаните ќе се врши преку соопштенија на локалните медиуми, соопштенија истакнати на јавни места, веб-страната на Општината, соработка на Општината со локалните надлежни органи: ТППЕ-Гевгелија, ОВР- Гевгелија, Општа болница, Здруженија на пчелари и други субјекти за точниот термин на акцијата, видот на препаратот и начинот на изведување на третманот.

### V. Мониторинг

Покрај претставник од локалната самоуправа (инспектор за заштита на животната средина), мониторинг над спроведувањето на превентивните активности на Општина Гевгелија за заштита на населението од заразни болести ќе врши и претставник од Центарот за јавно здравје, како и претставник од Агенцијата за храна и ветеринарство.

### VI. Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1946/1
25.12.2020год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/02"), член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15") и член 43 став 1, точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на РМ бр.25/06, 08/10 и 18/14") Советот на Општина Гевгелија на седница, одржана на ден 25.12.2020 година донесе:

# ПРОГРАМА
## во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Гевгелија за 2021 година

### I. Вовед

Основите во функционирањето на политиката за поттикнување, развивање и јакнење на родовата рамноправност во Општина Гевгелија се поставени со Локалниот акционен план за родова рамноправност за период 2018-2022 година донесен од Советот на Општина Гевгелија.

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Гевгелија има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и која било област од општествениот живот. За остварување на оваа цел, Општината, согласно одредбите од член 14 од овој Закон, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото,должна е да изработи Годишен план во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори да презема конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирање и градење на реална локална заедница и општество, во кои еднаквоста ќе биде пракса.

Ваквите нееднаквости се јавуваат како резултат на размислувањата, ставовите и убедувањата наметнати поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството итн. Има толку многу области во кои може да се делува со востановување на нов пристап и правење на структурни промени.

Основните области кон кои треба да бидат насочени активностите ида се интензивира работата во 2021 годиназа воведување и подигнување на нивото на родова рамноправност, се:

- ✓ Промоција на човекови права и принципи на недискриминација,
- ✓ Зајакнување и вклучување на жената во одлучувачките процеси во заедницата,
- ✓ Информирање и подигање на свеста за грижа на жената за сопственото здравје,
- ✓ Информираност за видовите и последиците од семејно насилство,
- ✓ Јакнење на капацитетитена Општинската администрација за воведување на родов пристап во програмирањето (едукација на носителите на активностите) и
- ✓ Воведување на родово одговорно буџетирање.

### II. Цели што треба да се постигнат со имплементирање на оваа програма

Основни цели на активностите на Општина Гевгелија во областа на родовата еднаквост предвидени со оваа Програма се:

- ✓ промоција на родовата еднаквост како суштинска вредност на Општината како локална заедница(преку спроведување на информативни кампањи и

манифестации, информирање на жените за услугите и можностите кои ги нуди Општина Гевгелија и преку редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност),зајакнување на институционалните капацитети на Општина Гевгелија за вклучување на родов пристап во програмирањето и буџетирањето, (преку обуки на КЕМ и Општинската администрација), развивање на интерни принципи, норми, постапки и механизми за координирано дејствување;

- ✓ зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје. Постои потреба од поголема информираност за подобрување на здравствената заштита, поголема едукација за малигните заболувања на репродуктивните органи, за болестите кои се својствени на современите услови на живеење;
- ✓ унапредување на заштита од насилство врз жени;
- ✓ унапредување на механизмите за учество на жените во процесот на носење одлуки во заедницата со посебен акцент на вклучување на маргинализираните жени;
- ✓ поттикнување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис;
- ✓ подигање на свеста кај населението за придобивките од здрава животна средина.

**Активности**

За остварување на целите на Програмата во 2021 година, Општина Гевгелија ќе ги спроведе следните активности:

**Цел 1**

**Зајакнување на институционалните капацитети на Општината и КЕМ за вклучување на родов пристап во програмирањето и буџетирањето**

**Мерки:**

Обука на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и интерсекторската група за родово одговорно буџетирање за интеграција на родов пристап во програмите и Буџетот на Општината и обука на адмнистрацијата за родова анализа на програми и буџети.

Целта на оваа активност е да се зголеми свесноста и разбирањето на претставниците на Општинската администрација за потребата и начините за вклучување на родова перспектива во процесот на планирање на програмите и проектите од областите кои спаѓаат во нивниот делокруг на работа.

Потребни услови за спроведување на обуката се:

- ✓ подготвена програма и методологија за родова анализа на програмите и буџетите,
- ✓ подготвени базични помошни алатки за практична примена на стекнатите знаења и
- ✓ обезбедени услови за одржување на обуката.

Ќе се спроведе специјализирана обука за членовите на Комисијата и интерсекторската група со цел да се зајакнат нивните знаења и вештини за остварување на специфичните обврски од нивната надлежност. Обуката треба да се фокусира на процесите на планирање и одлучување во врска со интеграција на родовиот пристап во програмите и Буџетот на општината преку примена на листи за проверка дали програмата е основана на родова анализа и има интегрирано родов пристап, како и дали се издвоени соодветни средства за нејзина реализација што ќе овозможи подеднакво распределување и корист од јавните ресурси за мажите и жените во општината.

Неопходни услови за спроведување на обуката се:

- ✓ подготвена програма и методологија за обука,
- ✓ подготвени листи за проверка за воведен родов пристап во Буџет и програми на Општината,
- ✓ обезбедени услови за одржување на обуката.

**Цел 2**

**Зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје**

**Мерки:**
Подигнување на свеста за поголема и континуирана грижа за репродуктивнато здравје.

Со цел да се подигне свеста кај жените за редовни гинеколошки прегледи, скриниг за рак на дојка, и сл., во соработка со Невладини организации ќе се спроведуваат активности за подигнување на свеста за негата на детето од најмалата возраст до тинејџерски години, а во соработка со матичните лекари и здравствените домови на подрачјето на општината ќе се организираат: трибини, работилници и информативна кампања за редовни прегледи со цел рано откривање и превенција од малигни и други заболувања.

Подигнување на свеста за грижа за здравјето кај мажите.

Со цел да се подигне свеста кај мажите за редовни уролошки прегледи, скрининг за рак на тестиси и сл., во соработка со Невладини организации ќе се спроведуваат активности за подигнување на свеста за негата и одржувањето на личното здравје.

**Цел 3**

**Унапредување на превенција и заштита од насилство врз жени**

**Мерки**:
Со цел унапредување на знаењето, но и препознавање на сите форми на семејно насилство, како и достапните мерки и механизми за превенција од и заштита од семејно насилство, ќе се спроведат активности за едукација за семејно насилство преку организирање на трибини во Општина Гевгелија и Месните заедници во соработка со Граѓанските организации. Во овие рамки, освен едукативни трибини, ќе бидат организирани дебати, советувања (презентација на опции и регулативи на граѓаните во однос на наведените теми и превентивни мерки за истите).

Со цел обезбедување на механизми за справување со последиците од семејното насилство и општествена реинтеграција на жртвите од семејно насилство, Општината во соработка со Невладините организации и други заедници ќе поддржува и помага функционирање на терапевтска заедница која ќе дава психо-социјална поддршка на жртвите на семејно насилство.

**Цел 4**

**Унапредување на механизмите за рамноправно учество на обата пола во процесот на носење на одлуки во заедницата**

**Мерки**:
Со цел унапредување на механизмите за рамноправно учество на обата пола во процесот на носење одлуки во заедницата,Комисијата за еднакви можности ќе ги распространи протоколитеи листите за проверка за вклучување во одлучувањето на локално ниво од аспект на рамномерна застапеност на обата пола.

Со цел унапредување на механизмите за рамноправно учество на обата пола во процесот на носење одлуки во заедницата ќе се организира јавна расправа, трибини и дискусии на тема од областа на креирање на политики и мерки за поттикнување на пракса на рамноправна застапеност на мажите и жените на раководни позиции во јавни и приватни претпријатија.

**Цел 5**

**Поттикнување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис**

**Мерки**

Со цел унапредување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис, ќе бидат организирани стручни предавања и трибини за информирање на мажите и жените за нивните права од работен однос и издавање на печатени материјали-брошури и флаери за правата на вработените.

Реализирање на активности за информирање за активните мерки на пазарот на труд за самовработување, формализирање на бизнис, субвенционирање и можните начини на кредитирање и финансиска поддршка за започнување со бизнис.

**Цел 6**

**Подигање на свеста кај населението за придобивките од здрава животна средина**

**Мерки**

Организирање на јавни дебати и едукативни работилници во градот и населените места од општината со сите заинтересирани субјекти за правилно управување и селектирање со отпадот.

III. **Финансиски планза имплементирање на Програмата**

За спроведување на активностите предвидени со програма, предвидени се следните финансиски средства:

| ***р. бр.*** | ***Активност*** | ***Рок и место на одржување*** | ***Носител на активностите*** | ***Предвидени с-ва во Буџетот на ОГ*** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Обука на администрацијата и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гевгелија | јануари-февруари 2021 | Општина Гевгелија | 45.000,00 |
| 2. | Зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје | март-април 2021 | КЕМ во соработка со здр. инстит., Медицинки центар и директори на училишта | 30.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Унапредување на превенција и заштита од насилство | април-мај 2021 | КЕМ, Здравствени инстутуции Училишта,МВР, МЦСР | 30.000,00 |
| 4 | Унапредување на механизмите за рамноправно учество на обата пола во процесот на носење одлуки во заедницата | 2021 | Градоначалник КЕМ, волонтер, координатор, Совет на Општина Гевгелија | 40.000,00 |
| 5. | Поттикнување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис | септ.-октомври 2021 | КЕМ, координатор, Граѓански организации | 50.000,00 |
| 6. | Подигање на свеста кај населението за придобивките од здрава животна средина | окт.-декември 2021 | КЕМ, координатор, Комунално претпријатие, Инспекциски служби | 25.000,00 |
| 7. | Унапредување на механизмите за родовата еднаквост на локално ниво преку еднаква застапеност на обата пола во процесите на одлучување, политиката, едукација за креирање на родово одговорно буџетирање на локално ниво, | окт.-декември 2021 | КЕМ, координатор, Граѓански организации, Општинска администрација | 30.000,00 |
| 8. | Други активности | | | 90.000,00 |
| | **ВКУПНО** | | | **340.000,00** |

IV. **Имплементација**

Одговорни субјекти за имплементација на Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Гевгелија за 2021 година се Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Гевгелија, координаторот и заменик- координаторот за еднакви можности. Нивна обврска и одговорност е да креираат, иницираат и организираат реализација на политики, активности и проекти согласно Локалниот акционен план за родова рамноправност да предлагаат усвојување и да ја менаџираат реализацијата на мерки кои ќе придонесат за унапредување на односите во оваа сфера.

Бр.09-1947/1
25.12.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

Врз основа на член 26, а во врска со член 19 од Законот за експропријација ("Службен весник на Република Македонија" бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16) и член 38 став (1) алинеа 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 25.12.2020 година, донесе

## ОДЛУКА
### за обезбедени средства во буџетот на општина Гевгелија наменети за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење за 2021 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува обезбедување на средства за надоместок за 2021 година за експропријација на недвижен имот што би бил опфатен при изградба на комунална инфраструктура во општина Гевгелија (општински патишта, улици, водовод, канализација) и други објекти од јавен интерес од локално значење во градот и населените места во општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места за кои се или ќе се донесат Урбанистички планови вон населено место.

**Член 2**

Изградбата на комуналната инфраструктура и други објекти од јавен интерес во општина Гевгелија е предвидена во Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година и Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2021 година.

**Член 3**

Надоместокот за експроприраната недвижност ќе се врши во парични средства во висина на пазарната вредност на експроприраната недвижност или со давање (размена) на друга недвижност соодветна на експроприраната недвижност.

**Член 4**

Средствата за надоместокот за експропријација на недвижен имот за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење се обезбедени во Буџетот на општина Гевгелија за 2021 година, програма ФА Потпрограма ФА0 – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци).

За надоместокот од претходниот став на овој член се определени средства во износ од 3.000.000,00 (три милиони) денари.

**Член 5**

Надоместокот за експропријација со давање на друга соодветна недвижност доколку е можно ќе се врши со земјиште со кое располага општина Гевгелија.

**Член 6**

Надоместокот за експропријација од членовите 3 и 5 на оваа Одлука ќе се врши врз основа на постигната спогодба за надоместок помеѓу општина Гевгелија и сопственикот на недвижноста односно правосилно судско решение за определување на надоместокот.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Претседател
на Советот на општина Гевгелија
**Тодор Ристов**

Бр.09-1948/1
25.12.2020 година

Врз основа на член 36, став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 38 точка 30 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“, бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 25.12.2020 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**за учество на општина Гевгелија во проект: „Збогатување на туристичката понуда во Југоисточен плански регион", потпроект: „Доизградба на локален пат до с. Ума – одвојување од регионален Р112, Гевгелија – Смрдлива Вода"**

**Член 1**

Со оваа одлука се обезбедуваат средства за учество на Општина Гевгелија во проектот за **„Збогатување на туристичката понуда во Југоисточен Плански Регион"**, потпроект: **„Доизградба на локален пат до с. Ума – одвојување од регионален Р112, Гевгелија – Смрдлива Вода"**.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за доизградба на патот, со износ во висина од 1.767.545 денари.

**Член 3**

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1949/1
25.12.2020 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

Врз основа на член 38 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20год), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 25.12.2020 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

## ВОВЕД

Со оваа Предлог-Програма се определуваат прашањата (актите и материјалите) кои ќе ги разгледува и одлучува на Советот на Општина Гевгелија во своето работење во текот на 2021 година (Во натамошниот текст: Советот на Општината).

Покрај прашањата содржани во Програмата, Советот на општината ќе разгледува и одлучува и по други прашања и проблеми што ќе произлезат од законските и други прописи кои ќе бидат донесени во текот на 2021 година.

Во реализирањето на програмата, Советот на Општината ќе соработува со Градоначалникот на општината, јавните служби, установи и претпријатија основани од општината, невладиниот сектор како и со други органи и организации.

Прашањата по кои ќе расправа и одлучува Советот на општината во 2021 година се распоредени во групи и подгрупи.

## 1-ви ДЕЛ

### 1. АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ПОТРЕБИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

1.1.Завршна сметка за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До 15 март 2021 година.

1.2.Завршна сметка за 2020 година на Општинските основни училишта "Владо Кантарџиев", "Крсте Мисирков", "Климент Охридски", "Ристо Шуклев" и "Васо Карајанов".

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: 15 Март 2021 година

1.3.Завршна сметка за 2020 година на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија.

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште.
Рок: 15 Март 2021 година.

1.4.Завршна сметка за 2020 година на Општинската установа за деца- Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: 15 Март 2021 година.

1.5. Завршна сметка за 2020 година на Општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа библиотека

Рок: 15 Март 2021 година.

1.6.Завршна сметка за 2020 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Домот на културата

Рок: 15 Март 2021 година.

1.7.Завршна сметка за 2020 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Работнички универзитет

Рок: 15 Март 2021 година.

1.8.Завршна сметка на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2020 година.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"

Рок: 15 Март 2021 година.

1.9.Квартални извештаи за извршувањена Буџетот за 2021 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач: Општинска администрација

Рок: Квартално во текот на 2021 година.

1.10.Информација за преземените активности за подготовка на Стратегијата за локален одржлив развој на општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач: Општинска администрација Сектор за јавни дејности и ЛЕР, Фактултет за бизнис логистика и туризам Гевгелија

Рок: Февруари 2021 година.

1.11.Буџет на општина Гевгелија за 2022 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: До крајот на декември 2021 година.

1.12.Одлука за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2022 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: До крајот на декември 2021 година.

1.13.Годишен финансиски план за 2022 година на Општинските основни училишта "Владо Кантарџиев", "Крсте Мисирков", "Климент Охридски", "Ристо Шуклев" и "Васо Карајанов"

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта

Рок:Декември 2021

1.14.Годишен финансиски план за 2022 година на Средното општинско училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Средноопштинско училиште

Рок: Декември 2021 година.

1.15.Годишен финансиски план за 2022 година на Општинската установа за деца-Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца

Рок: Декември 2021 година.

1.16.Годишен финансиски план за 2021 година на Општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа библиотека

Рок: Јануари - февруари 2021 година.

1.17.Годишен финансиски план за 2021 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Домот на културата

Рок: Јануари - февруари 2021 година.

1.18. Годишен финансиски план за 2021 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Работнички универзитет

Рок: Јануари- февруари 2021 година.

1.19.Годишен финансов план на ЈОУ Пионерски дом"Јосип Броз Тито"за 2021 год.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"

Рок: Јануари - февруари 2021 година.

1.20.Годишни финансиски извештаи од сите корисници на програмите за потрошените средства доделени од Буџетот на општина Гевгелија.

Предлагач : Советници

Изготвувач: Невладините организации и Општинската администрација

Рок: Јануари 2021 година.

1.21.Завршни извештаи од реализираните проекти на фондацијата ФЛОРИТ каде што општина Гевгелија се појавува како партнер .

Предлагач : Советници

Изготвувач: фондацијата ФЛОРИТ

Рок: Март 2021 година.

## 2. АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

2.1.Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2022 година.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2021 година

2.2.Информација за состојбата со реализацијата на урбанистичките планови во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2021 година

2.3.Информација за состојбата со постапувањето по барањата за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Јуни 2021 год.

2.4.Извештај за реализација на Програмата за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2021 година.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2021 год.

2.5.Програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2022 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2021 год.

.2.5. Програма за поставување на времени објекти во општина Гевгелија.

Предлагач и изготвувач: Општинска администрација

Рок: Во текот на 2021 год.

## 3.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, СООБРАЌАЈ И ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

3.1.Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2020 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок:Март 2021 година.

3.2.Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2020 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Март 2021 година.

3.3.Информација за состојбата со речните корита и одводните канали во општина Гевгелија, нивно уредување и користење.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација ,АД "Водостопанство" и ЈП "Македонија пат ", Министерство за економија – Сектор за минерални суровини

Рок: Април 2021 година.

3.4.Програма за уредување на речните корита и одводните канали во урбаните средини во општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација, Министерство за економија

Рок: Мај 2021 година.

